РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 02-596/4
29.08 2019 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89-а став 2 од Законот за средно образование на РСМ (Сл.весник 44/95........,67/17) Училишниот одбор при СОУ „Гимназија Кочо Рацин" Велес, на својата седница одржана на ден 29.08.2019 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

За прифаќање на Годишен извештај за работа на училиштето во учебната 2018/19 година

Образложение :

Училишниот одбор при СОУ "Гимназија Кочо Рацин" Велес, на својата седница одржана на ден 28.01.2019 година, го разгледа и прифати Годишниот извештај за воспитно-образовната работа на училиштето во учебната 2018/19 година, истиот го предлага до Совет на општина Велес за усвојување.

Претседател на УО :

Филимена Костова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 01-546/4
29.08 2019 год.
ВЕЛЕС

*СОУ "Гимназија Кочо Рацин", Велес*

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

*за воспитно-образовната работа*

во учебната 2018/19година



**СОДРЖИНА**

| | страна |
|---|---|
| Вовед | 4 |
| Стручно-педагошка екипираност на училиштето со кадар | 4 |
| Планирање и програмирање на наставата | 5 |
| Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа | 5 |
| Преглед на учениците при запишувањето во прва година | 6 |
| Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната година | 6 |
| Наставен кадар | 6 |
| Преглед на стручен кадар | 7 |
| Раководен кадар | 7 |
| Други вработени | 7 |
| Настава – видови настава | 8 |
| Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови | 9 |
| Преглед на успехот на учениците постигнат на државна матура | 11 |
| Преглед на успехот на учениците постигнат на училишна матура | 12 |
| Учество на конкурси и натпревари | 12 |
| Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната 2018/19година | 18 |
| Преглед на изостаноците на учениците | 19 |
| Учество во проекти | 19 |
| Јавна и културна дејност на училиштето | 21 |
| Активности за одбележување на Патронатот на училиштето | 23 |
| Професионален развој на кадарот | 24 |
| Соработка со стручни лица и институции | 26 |
| Сознанија за инкорпорирање на Мисијата во тековната година | 29 |
| Проекција за Визијата за тековната година | 29 |
| Подрачја на промени и приоритети | 29 |
| VIII. План за евалвација | 30 |

**Прилози**

Извештај за работата на директорот
Извешта за работата на педагогот
Извештај за работата на психологот
Извештај за работата на дефектолог
Извештај за работата на библиотекар
Извештај за работата на Наставничкиот совет
Извештај за работата на Училишниот одбор
Извештај за работата на Советот на родители
Извештај за работата на стручните активи
Извештај за реализација на екскурзиите
Ранг листи на класовите по успех и редовност
Компаративни анализи по успех и редовност
Успех постигнат по наставни предмети на ниво на генерација

## Вовед

Учебната 1857/58 во Велес е отворено училиште кое е прво словенско училиште што давало повисоко образование од основното. Тоа е почетокот на нашата Гимназија.

Во изминатите 161 година работење и учениците и наставниците, но и Гимназијата како институција добитници се на голем број признанија, пофалби и награди кои претставуваат врв на целокупната наставно-воспитна работа на плејада наставници, кои целото свое знаење и умеење го вградија во изминатите децении од постоењето и делувањето на Гимназијата. Во учебната 2010/11 година, Гимназијата е добитник на Деветтоноемвриската награда за посебен придонес во повеќе области од науката и културата, која уште еднаш ги потврдува високите достигнувања на училиштето во воспитно-образовниот процес.

Современите наставни планови и програми отвораат перспективи во гимназиското образование да преовладува интелектуалната и креативна работа. Постигнатите резултати на учениците им овозможуваат да го зацврстат верувањето дека основната вредност на човекот е тој да се потврдува со работа, творештво,истражувачки дух, хумани постапки, отворен однос кон себе и средината и за меѓусебно разбирање и почитување.

## Стручно педагошка екипираност на училиштето со кадар

За остварување на целите и задачите на севкупната дејност на училиштето ангажирани се: директор, стручни соработници: педагог, психолог, библиотекар, дефектолог, наставници, секретар-благајник, ноќен чувар и хигиеничари. Сите вработени имаат соодветна стручна подготовка.

Воспитно-образовната дејност ја реализираа55 наставници, од кои 1 наставникдополнува часови од друго училиште. Целокупниот наставен кадар има соодветно високо образование.

Преку спроведеното истражување: *Каков е вашиот однос спрема промените* добивме сознание дека 60% од наставниците имаат многу позитивен однос кон промените. Од вкупно 55 наставници, 25 наставници познаваат странски јазик,а за работа на компјутер се оспособени сите наставници. Обуката за примена на наставните техники за развивање на критичкото мислење, ја совладаа 30 наставници. Обуката за водење дебата и учиме право ја совладаа 2 наставника, на семинарите за реформирано гимназиско образование учествуваа 20 наставници, а стручните семинари ги следат сите наставници. За успешна реализација на државната матура 12 наставници учествуваа во обуките за изготвување на интерни тестови на знаења. Обуката за тимска работа ја совладаа сите наставници, а ефектите од истата се согледуваат во извршувањето на секојдневните обврски. Во невладини организации учествуваат 5 наставници. Обуката за „Планирање на кариера" ја посетуваа 4 наставници и еден ученик.

Четири наставници се стекнаа со признанието за најдобар просветен работник на ниво на средни училишта во Велес.

## Планирање и програмирање на наставата

Ова подрачје се реализира според педагошките стандарди утврдени во Наставните планови и програми за гимназиско образование донесени од Министерството за образование и наука на Република Македонија во согласност со Бирото за развој на образованието.Наставниот кадар во соработка со стручните соработници,редовно го планира наставниот процес според дидактичко-методските упатства и барања на современата образовна технологија.

## Превземени активности во текот на годината за подобрување на услови за работа

За успешна реализација на учебната година уште на самиот почеток превземени се сите мерки и активности за задоволување на хигиено-техничките услови за работа и престој во училиштето

Детален извештај за инфраструктурните зафати следи во подрачјето: учество во проекти

Преглед на учениците при запишувањето во I год. во учебната 2018/19 г.

Табела бр.1

| Ре, број | С т р у к а Гимназиска насока | Време Траење на образова. | Успех од основното училиште | | | | Повтору. | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одлич. | Мн.доб | Добар | Дово. | | |
| | | Тригод. | | | | | | |
| | | Четириг. | 94 | 12 | | | | 116 |

Преглед на учениците и паралелките по струки и гимназиско образование на крајот од учебната 2018/19 г.

Табела бр. 2

| Ре, број | С т р у к а Гимназиска насока | I- година | | | | II- година | | | | III- година | | | | IV-год | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | со 3 год | | со 4.год | | со 3 год | | со 4.год | | со 3 год | | со 4.год | | | |
| | | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | уче | пар | уче |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |
| | **Вкупно** | | | 6 | 116 | | | 6 | 143 | | | 5 | 99 | 6 | 149 |

Наставен кадар

Табела бр. 3

| Наставен Јазик | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р. | М-р | VII-1 | VI | IV |
| Македонски | 1 | 1 | 45 | | |
| Албански | | | 5 | | |
| **Вкупно** | 1 | 1 | 50 | | |

Преглед на стручен кадар

Табела бр. 4

| Профил | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р. | М-р | VII-1 | VI | IV |
| Педагог | | | 1 | | |
| Психолог | | | 1 | | |
| дефектолог | | | 1 | | |
| Секретар-благајник | | | / | 1 | |
| Библиотекар | | | 1 | / | |
| **Вкупно** | | | 4 | 1 | |

Раководен кадар

Табела бр. 5

| Функција | Завршено образование | | | Работен стаж | Работно искуство на оваа работна обврска |
|---|---|---|---|---|---|
| | Д-р | М-р | VII | | |
| Директор | | | 1 | 37 год | 11месеци |
| | | | | | |
| | | | | | |

Други вработени

Табела бр.6

| | |
|---|---|
| Технички персонал | 9 |
| на определено време | 1 |

## 1. Настава - видови настава:

Воспитно-образовната работа во училиштето и во оваа учебна година се реализираше во специјализираните училници, кабинети и спортски објекти: спортска сала, отворени спортски терени и фитнес сала.Посебно се водеше грижа преку наставата да се формираат работни навики кај учениците и да се изградат позитивни ставови кон работата. Основната цел на гимназиското образование е учениците да ги развиваат индивидуалните физички и интелектуални способности и хуманистички, морални, естетски и граѓански вредности. За таа цел во изминатиот период наставата добро се подготвуваше, организираше и реализираше.

Реализацијата на наставните планови и програми се потпираше на Законот за средно образование, Развојниот план на училиштето, Годишната програма за работа на училиштето и Календарот за работа. Во согласност со изготвениот Развоен план на училиштето во склоп на Годишната програма беа зацртани цели, задачи и активности кои овозможија реализација на поставените приоритети за оваа учебна година.Од реализација на истите можеме во целост да бидеме задоволни, што ќе се согледа во планот за евалвација.

*Од анализата на извештаите од стручните активи (доставени во прилог) може да се сумира следното:*

Во изминатата учебна година реализацијата на наставните планови и програми се одвиваше непречено и доследно во рамките на предвидените термини и рокови, според утврдена динамика за работа. Наставата од задолжителнните предмети, изборните предметии проектните активности се реализираше со примена на новите наставни техники на учење и поучување и примена на современа образовна технологија. Современата наставна организираност предлага поадекватен пристап во наставата со цел да се поттикне ученикот да биде активен на часовите и да изгради позитивен став кон работата.Со примената на активни методи на работа, наставниците создаваа атмосфера која поттикнува отворена и одговорна интеракција во училницата, поцврста интегративна и тимска работа, а со тоа ги научија учениците критички да мислат, да чуствуваат одговорност за сопственото учење, да соработуваат со другите. На тој начин, полесно и на поинтересен начин се доаѓаше до поквалитетни резултати. Со примената на информатичката технологија во наставата се настојуваше учениците да бидат постојано во тек со промените кои настануваат, а воедно им се овозможи по електронски пат да ги користат предавањата по одредени предмети, примери на испитни прашања и сл.

Вреднувањето и оценувањето на учениците се вршеше континуирано во текот на целата наставна година според утврдени критериуми и стандарди за оценување. При проверувањето и вреднувањето на знаењата на учениците беа користени усни и писмени проверувања со разни инструменти и скали на проценка.

За учениците кои имаа потешкотии во совладувањето на дел од наставните содржини по одредени наставни предмети и кои постигнаа недоволен успех по одделни наставни предмети, задолжително се одржуваа часови на дополнителна настава и продолжителна настава..

За учениците кои сакаа да ги прошират своите знаења од одделни наставни предмети се реализираше додатна настава и се вршеа индивидуални консултации.

Во склоп на воннаставните активности беа реализирани бројни натпревари на училишно, општинско регионално, државно и меѓународно ниво на кои учениците постигнаа солидни резултати, а резултатите следат во прилог. Според зацртаната програма беа планирани екскурзии во прва, втора и трета година. Во изминатиот период екскурзиите за учениците од прва, втора и трета година беа реализирани на општо задоволство на учениците според предвидените

дестинации и маршути, а беше реализирана и екскурзијата за четврта година година која не беше во можност да се реализира во минатата учебна година.

Проектните активности како посебно подрачје во Наставниот план за гимназиско образование се во функција на задоволување на индивидуалните интереси и желби кај учениците и оспособување за изработка на проекти со тимско залагање на учениците. Учениците активно работеа и се ангажираа во понудените области и успешно се претставија на **Отворениот ден на училиштето**преку изложените штандови во холот на училиштето, училниците и спортската сала. Презентацијата, покрај од нашите ученици, беше посетена и од учениците и наставниците од основните училишта од градот. И оваа година продолживме со Отворениот ден на Гимназијата и бевме домаќини на претставници од државните и приватните факултети од Републиката, со што им го олеснивме патот на изборот до понатамошното образование на годинашнава генерација матуранти.

Преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови

| Р.б | Наставен предмет | I година | | II година | | III година | | IV година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Бр. на планирани часови | Бр. на реализирани часови | Бр. на планирани часови | Бр. на реализирани часови | Бр. на планирани часови | Бр. на реализирани часови | Бр. на планирани часови | Бр. на реализирани часови |
| 1. | Македонски јазик и литература | 144 | 144 | 144 | 143 | 144 | 143 | 132 | 134 |
| 2. | Англиски јазик 1 | 108 | 108 | 108 | 107 | 108 | 107 | 99 | 99 |
| 3. | Германски јазик 2 | 72 | 71 | 72 | 70 | 72 | 71 | 66 | 64 |
| 4. | Француски јазик 2 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 66 | 67 |
| 5. | Руски јазик 2 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 71 | 66 | 66 |
| 6. | Математика | 108 | 109 | 108 | 107 | 108 | 108 | 99 | 99 |
| 7. | Физика | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 72 | 99 | 99 |
| 8. | Хемија | 72 | 73 | 72 | 74 | 72 | 72 | 99 | 99 |
| 9. | Биологија | 72 | 72 | 72 | 73 | 72 | 73 | 99 | 99 |
| 10. | Историја | 72 | 74 | 72 | 72 | 72 | 72 | 66 | 66 |
| 11. | Географија | 72 | 72 | 72 | 71 | 72 | 72 | / | / |
| 12. | Социологија | | | 72 | 71 | 72 | 72 | 99 | 100 |
| 13. | Филозофија | | | | | | | 99 | 96 |
| 14. | Психологија | | | | | | | 66 | 67 |
| 15. | Педагогија | | | | | 72 | 71 | | |
| 16. | Етика | | | 72 | 71 | 72 | 73 | | |
| 17. | Логика | | | | | | | 66 | 66 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18. | Италијански јазик | | | | | 108 | 106 | 99 | 97 |
| 19. | Информатика | 72 | 72 | | | | | | |
| 20. | Информатичка технологија | | | 72 | 71 | | | | |
| 21. | Линеарна алгебра и анал.г. | | | | | 72 | 74 | | |
| 22. | Алгебра | | | | | 72 | 74 | | |
| 23. | Вовед во право | | | | | 72 | 70 | | |
| 24. | Економија | | | | | | | 99 | 98 |
| 25. | Менаџмент | | | | | | | 66 | 65 |
| 26. | Спорт и спортски активности | 72 | 71 | 72 | 74 | 108 | 107 | 99 | 100 |
| 27. | Ликовна уметност | 72 | 71 | 36 | 35 | 72 | 71 | | |
| 28. | Музичка уметност | 36 | 37 | 72 | 72 | 72 | 72 | | |
| 29. | Латински јазик | | | | | 72 | 71 | 66 | 65 |
| 30. | Програмски јазици | | | | | 72 | 72 | 99 | 99 |
| 31. | Математичка анализа | | | | | | | 99 | 99 |
| 32. | Компаративна книжевност | | | | | | | 66 | 67 |
| 33. | Бизнис и претприемништво | | | | | | | 66 | 66 |
| 34. | Албански јазик | 144 | 144 | 144 | 142 | 144 | 143 | 132 | 134 |
| 35. | Македонски јазик за др.национ. | 72 | 72 | 72 | 71 | 72 | 72 | 66 | 65 |
| 36. | Говорење и пишување | | | 72 | 71 | | | | |
| 37. | | | | | | | | | |

За учениците од завршната генерација продолжи реализацијата на **матурскиот испит** – испит со кој ученикот го завршува средното образование. За полагање на државната матура се пријавија и полагаа 99% од учениците и постигнаа среден успех - **3,51**. За да се постигнат подобри резултати на матурскиот испит беа организирани дополнителни часови и консултации по сите наставни предмети.Резултатите од матурата следат во табелата.

## Преглед на успехот на учениците
## постигнат на државната матура учебна 2018/19 година

### *Екстерен дел*

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Мајчин јазик | 131 | 16 | 3.97 | 3,93 |
| Англиски ј. | 115 | 16 | 3.55 | 2,93 |
| Руски јазик | 5 | | 5.0 | |
| Математика | 38 | | 4.0 | |
| Физика | 2 | | 4.0 | |
| Хемија | 1 | | 4.0 | |
| Биологија | 15 | | 3.73 | |
| Историја | 3 | 16 | 3.33 | 2,25 |
| Филозофија | 61 | | 4.34 | |
| Социологија | 22 | | 4,0 | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно | 131 | 16 | 3,99 | 3,03 |
| | 147 | | 3,51 | |

### *Интерен дел*

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Латински јазик | 8 | | 5,0 | |
| Информатика | 26 | | 5,0 | |
| Физика | 11 | | 5,0 | |
| Хемија | 8 | | 4,25 | |
| Биологија | 4 | | 4,75 | |
| Историја | 4 | | 5,0 | |
| Географија | 9 | 16 | 4,77 | 4,87 |
| Социологија | 33 | | 4,81 | |
| Филозофија | 19 | | 4,89 | |
| Музичка уметност | 2 | | 5,0 | |
| Ликовна уметност | 7 | | 5,0 | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| Вкупно | 131 | 16 | 4,87 | 4,87 |
| | 147 | | 4,87 | |

### *Проектна задача*

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Мајчин јазик | 5 | 16 | 5.0 | 3.89 |
| Англиски јазик | 7 | | 5.0 | |
| Математика | 16 | | 4,94 | |
| Информатика | 13 | | 5.0 | |
| Физика | 7 | | 5,0 | |
| Биологија | 10 | | 4,9 | |
| Етика | 1 | | 5,0 | |
| Социологија | 8 | | 4,9 | |
| Филозофија | 3 | | 5,0 | |
| Психологија | 7 | | 5.0 | |
| Бизнис и претприемништво | 40 | | 5,0 | |
| Економија | 2 | | 5,0 | |
| Менаџмент | 8 | | 5,0 | |
| Ликовна уметност | 5 | | 5,0 | |
| Вкупно | 131 | 16 | 4,9 | 3,89 |
| | 147 | | 4,4 | |

## Преглед на успехот на учениците
## постигнат на училишна матура учебна 2018/19 година

*Мајчин јазик и литература*

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Македонски ји литер. | 1 | | 3,0 | |
| Албански j и литер. | | 1 | | 3.0 |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **3,0** | **3,0** |
| | 2 | | 3,0 | |

*Интерен дел*

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Географија | | 1 | | 4,0 |
| Социологија | 1 | | 5,0 | |
| **Вкупно** | **1** | **1** | **5,0** | **4,0** |
| | 2 | | 4,5 | |

***Проектна задача***

| Наставен предмет | Бр. на ученици | | Среден успех | |
|---|---|---|---|---|
| | мк | алб | мк | алб |
| Албански јазик | | 1 | | 3,0 |
| Социологија | 1 | | 4,0 | |
| **Вкупно** | 1 | 1 | 4,0 | 3,0 |
| | 2 | | 3.5 | |

### *Учество на конкурси и натпревари*

Во текот на учебната година нашите ученици под раководство на своите ментори, учествуваа на повеќе натпревари:

- Во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ – Велес распишан е литературен поетски конкурс на тема „Ликот и делото на Коле Неделковски“ на кој ученичката Тамара Трајановска под менторство на Александра Стојановска ја освои третата награда.
- По повод чествувањето на патрониот празник на ОУД „ЛазарЛазаревски“ од Велес, беше распишан ликовен конкурс на тема „Мојот живот – мојот свет“ на кој учениците под менторство на Крсте Шупев ги освоија следниве резултати: Елена Настова – прво место, Елена Христовска и Сандра Јованова – второ место, Сандра Митревска - трето место
- По повод чествувањето на патрониотпразникнаОУД „ЛазарЛазаревски“ од Велес, беше распишан литературен конкурс на тема „Мојот живот – мојот свет“на кој под менторство на Александра Стојановска, ученичката Елена Ивчева во категорија поезија ја освои третата награда, а под менторство на Магдалена Сарагинова, ученичката Сара Николова во категорија проза ја освои третата награда
- На Ликовниот конкурс, на тема: „Рацин- денес, вчера и утре“ во рамките на одбележувањето на 51 Детски Рацинови средби, Емина Атемовска, ученичка од II/5 клас,под менторство на Крсте Шупев се закити со Гран-при наградата

- Со освојувањето на првото место, нашиот тим во кошарка машки под менторство на Зоран Јованов се квалификуваше за зонските натпревари
- На општинскиот противпожарен квиз натпревар, тим од ученици под менторство на наставник Силвана Печкова го освои второто место
- Организирани и реализирани општински натпревари во кошарка за девојки под менторство на наставник Зоран Јованов
- На општинскиот натпревар во одбојка, женската одбојкарска екипа под менторство на Петре Петрушевски и Илија Попов го освоија првото место
- Учество на зонски натпревар во одбојка на женската одбојкарска екипа пд менторство на Петре Петрушевски и Илија Попов
- Учество на зонски натпревар во одбојка на машката одбојкарска екипа под менторство на Петре Петрушевски и Илија Попов
- На распишаниот конкурс по повод Светскиот ден на штедењето и Светскиот ден на осигурувањето, ученичката Симона Мицева ја освои третата награда под менторство на Александра Стојановска
- На распишаниот конкурс од СОУ „Димитрија Чуповски“ за пишување на есеј на англиски јазик на тема „Сите сме исти – сите сме различни“,под менторство на наставник Мимоза Костоска, учество земаа учениците Бојана Мачавеловска, Талија Ѓорѓиева, Ленче Ѓорѓиова, а ученичката Тамара Трајановска го освои првото место
- На распишаниот литературен конкурс од СОУ „Димитрија Чуповски“на тема „Сите сме исти – сите сме различни“, под менторство на наставник Магдалена Сарагинова, ученичката Тамара Велкова во категорија проза ја освои втората награда, а под менторство на Александра Стојановска, ученичката Ленче Ѓорѓиова во категорија проза ја освои третата награда.Во категорија поезија учествуваа учениците: Елена Ивчева, Никола Трендафилов и Сајма Лековиќ кои освоија пофалници
- На распишаниот литературен конкурс по повод Патрониот празник на СОУ „Коле Неделковски“ на тема: „Есенските лисја на мојот прозорец“, ученичката Бојана Спасовка го освои првото место под ментортво на наставник Цветанка Карамаркова
- На државниот рецитаторски натпревар за средно образование, под менторство на наставникот Цветанка Карамаркова, ученичката Бојана Спасовска освои пофалница
- Гимназијата беше домаќин на општинскиот натпревар по математика на кој од нашето училиште под менторство на наставниците по математика учествуваа: прва година - Кире Јорданов, Филип Трајановиќ, Филип Јованов, втора година - Панче Пренџов, Илија Попов, Тамара Трајановска и Ива Донева, трета година - Симона Митрева, четврта

година - Иво Нерков и беа освоени следните награди:втора година - Марија Богоевска освои трета награда, АндријанаАрсовска се здоби со пофалница, трета година - Јован Калајџиев трета награда, Филип Петковскии Веронија Кодовска – пофалница,четврта година -Борис Даев и Александра Деловска освоија трета награда

- Реализиран училишен елиминационен натпревар по англиски јазик за учениците од втора година за учество на регионални натпревар на кој под менторство на Х.Леова и М.Костоска учество земаа 12 ученици, а се пласираа: Благој Петров, Димитар Коцев и Михаела Панова

- Благородна мисла на Махатма Ганди „ Каде што има љубов, има и живот" беше инспирација за Традиционалниот литературен конкурс посветен на Денот на вљубените, на кој под менторство на наставниците по мајчин јазик беа наградени следните ученици: трета награда: Бојана Спасовска, Ленче Ѓорѓиова, Михаил Павлов, Вјолца Етемова; втора награда: Меланија Стојанова, Сара Николова, Асмир Таировски; прва награда: Иво Мирчев, Сенафи Адемов

- Благородна мисла на Махатма Ганди „ Каде што има љубов, има и живот" беше инспирација за Традиционалниот ликовен конкурс посветен на Денот на вљубените, на кој под менторство на наставникот по ликовна уметност беа наградени следните ученици: рамноправна втора награда: Сандра Јованова, Елена Настова и Тамара Трајановска; прва награда: Емина Атемовска и Сандра Митревска.

- На регионален натпревар по математика под менторство на наставниците по математика учествуваа учениците: Андријана Арсовска, Марија Богоевска, Илија Попов, Веронија Кодовска и Александра Деловска и беа постигнати следните резултати: Јованов Филип освои втора награда, Филип Петковски и Симона Митрева – пофалници

- На државен натпревар по математика под менторство на М. Гајдова, ученикот Филип Јованов доби пофалница за учество, а под менторство на М. Лазаровска, ученикот Борис Даев доби пофалница за учество

- Учество на општински натпревар по филозофија под менторство на наставниците Б.Караџов и П.Трпкова, на која учество земаа 6 ученици од четврта година

- На литературен конкурс на тема „Џинот неисцрпна инспирација на минатите сегашните и идните генерации", под менторство на наставник Ц.Карамаркова ученичката Бојана Спасовска ја освои првата награда, под менторство на наставник М.Сарагинова, ученичката Сара Николова ја освои третата награда, а под менторство на наставник Љ.Темелковска ученикот Михаил Павлов ја освои првата награда за поезија напишана на француски јазик

- На литературен награден конкурс „Мајка" распишан од Клубот на писатели„ Коста СолевРацин" Велес по повод Меѓународниот ден на жената, ученичката Бојана Спасовска под менторство на наставник Ц.Карамаркова ја освои втората награда, а Тамара Тосевска под менторство на наставник А.Стојановска ја освои третата награда

- На општинскиот натпревар по биологија под менторство на наставниците по биологија, учениците ги постигнаа следните резултати: I критериум,втора награда за Ева Стојанова и Софија Димова - прва година; II критериум трета награда за Лилјана Ристова - прва година; II критериум трета награда за Кристина Ивановска и Паола Кадиева - втора година; II критериум трета награда за Ивона Андреевска и Андријана Стумбова -трета година.

- На општинскиот натпревар по хемија учествуваа учениците: Лилјана Ристова, Марко Инѓилизов и Филип Јованов од I година; Паола Кадиева, Сара Николовска и Тамара Трајановска од втора година и беа постигнати следните резултати: Лилјана Ристова освои 1место, Паола Кадиева освои прво место, Тамара Трајановска освои 2 место и Сара Николовска освои трето место

- Учество на регионален натпревар во одбојка женски под менторство на П.Петрушевски и И.Попов

- Учество на регионален натпревар во одбојка машки (Орданче Брашнаров, Донче Бојчев, Роберт Јордановски, Мартин Стојанов, Ѓорѓи Бановски, Филип Јованов, Александар Караманов, Александар Жабев) под менторство на П.Петрушевски и И.Попов

- Учество на Општински натпревар по англиски јазик во организација на Елтам, на кој беа освоени следните награди: Благој Петров освои прво место, Михаела Панова освои трето место под менторство на Х.Леова, Димитар Коцев доби потврда за учество, под менторство на М.Костоска

- Учество на 45 Општински натпревар по прва помош на кој тимот од ученици: Давор Давчевски, Марија Николова, Андреј Делиманчев, Теодор Левков, Ива Донева и Фили Трајановиќ го освоија првото место

- На регионален натпревар по Македонски јазик и литература, под менторство на наставник В.Павлова учениците: Хурмете Амзова и Сенафи Адемов добија потврди за учество

- На 50-та Олимпијада по руски јазик, под менторство на П.Ташковски, беа освоени следните места: Викторија Јорданова – четврто место, Вилијам Виларов – петто место, Павел Јовев – шесто место

- На литературен конкурс по француски јазик за најдобра творба во поезија и проза на тема „Уметноста мора да биде верна на себеси, таа не е ничија слугинка!", организиран од страна на Филолошки факултет Гоце Делчев – Штип, под менторство на наставник Љубица Темелковска ученичката Пале Ѓорѓиева освои трета награда

- На литературен конкурс на тема „Да помогнеме добрината да го пронајде патот до срцата на луѓето", распишан по повод Патрониот празник на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан" од Иванковци, ученичката Тамара Трајановска ја освои првата награда, под менторство на наставник А.Стојановска, а ученичката Бојана Спасовска ја освои втората награда под менторство на наставник Ц.Карамаркова

- На 55 државен натпревар од Народна техника, под менторство на А.Додов од областа астрономија и физика, ученичките Елена Христова и Марија Богданова добија пофалници за учество, а под менторство на Д.Тевчева од областа астрономија, ученичката Лилјана Ристова доби пофалница за учество

- На Меѓународен натпревар по англиски јазик Willkommen, под менторство на наставник М.Костоска, учениците Тоше Димов и Никола Арсовски добија пофалници за учество

*Во табелата се прикажани освоените награди на учениците од прво до трето место*

| Натпревар | Ментор | Ученик | Освоено место |
|---|---|---|---|
| Државен рецитаторски натпревар | Ц.Карамаркова | Петар Андреев | 1место |
| Државен натпревар за најдобар есеј на тема „Дијалектите и стандардниот јазик како основа за идентитетот на еден народ“ | А.Стојановска | Марко Ингилизов | 3 место |
| Државен натпревар за најдобар есеј на тема „Штедам – мислам на својата иднина“ | А.Стојановска | Симона Мицева | 3 место |
| Регионален хорски и оркестарски натпревар | А.Зафиров | Вокално-инструментален тим во состав Катерина Николова, Пале Зврцинова Елена Христовска, Ева Димитриева Љупче Зафиров | 1 место |
| Државен хорски и оркестарски натпревар | А.Зафиров | Вокално-инструментален тим во состав Катерина Николова, Пале Зврцинова Елена Христовска, Ева Димитриева Љупче Зафиров | 2 место |
| Меѓународен натпревар The world scholar's cup | М.Костоска, Ф.Костова, Х.Леова | 67 ученици | 225 медали: 58 златни, 167 сребрени медали, два пехари за вештини во пишување колаборативен есеј и дебатирање |
| Регионален натпревар по математика | М.Гајдова | Филип Јованов | 2 место |
| Регионален натпревар по математика | М.Лазаровска | Борис Даев | 3 место |
| Регионален натпревар по информатика | Г.Саздова | Бојан Вучевски | 2 место |
| Државен натпревар по информатика | Г.Саздова | Бојан Вучевски | 3 место |
| Национален натпревар „Европски квиз на парите“ | М.Стојановски | Марко Ингилизов и Викторија Панова | 1 место |
| Меѓународен натпревар во Брисел „Европски квиз на пари“ | М.Стојановски | Марко Ингилизов и Викторија Панова | 2 место |
| Регионален натпревар по македонски јазик и литература | Ј.Темов | Анета Солунска | 1место |
| Регионален натпревар по македонски јазик и литература | М.Сарагинова | Тамара Велкова | 2 место |
| Регионален натпревар по биологија | Е.Николовска | Софија Димова | 1место |
| Регионален натпревар по биологија | Е.Николовска | Паола Кадиева | 2 место |
| Регионален натпревар по биологија | С.Печкова | Андријана Стумбова | 2 место |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Регионален натпревар по биологија | Е.Николовска | Никола Трендафилов, | 3 место |
| Регионален натпревар по биологија | Е.Николовска | Лилјана Ристова | 3 место |
| Регионален натпревар по биологија | Е.Николовска | Кристина Ивановска | 3 место |
| Регионален натпревар по биологија | С.Печкова | Елена Кузева | 3 место |
| Државен натпревар по биологија | Е.Николовска | Софија Димова | 1место |
| Државен натпревар по биологија | Е.Николовска | Лилјана Ристова | 3 место |
| Државен натпревар по биологија | Е.Николовска | Паола Кадиева | 3 место |
| Државен натпревар по биологија | Е.Николовска | Кристина Ивановска | 3 место |
| 55 Државен натпревар од Народна техника, област применета географија | С.Спасевска | Никола Трендафилов | 1место |
| 55 Државен натпревар од Народна техника, област применета географија | С.Спасевска | Сандра Илиева | 2 место |
| 55 Државен натпревар од Народна техника, област применета физика | Д.Тевчева | Теодора Дечева | 2 место |
| 55 Државен натпревар од Народна техника, област применета физика | Д.Тевчева | Матеа Несторова | 3место |
| Олимпијада по руски јазик | П.Ташковски | Ленче Ѓорѓиова | 2 место |
| Меѓународен натпревар по француски јазик Willkommen | Љ.Темелковска | Андреј Марков | 1место |
| Меѓународен натпревар по француски јазик Willkommen | Љ.Темелковска | Никола Трендафилов | 2место |
| Меѓународен натпревар по француски јазик Willkommen | Б.Миланова | Сања Илиевска | 1место |
| Меѓународен натпревар по француски јазик Willkommen | Б.Миланова | Андријана Стумбова | 2место |
| Меѓународен натпревар по француски јазик Willkommen | Б.Миланова | Даниела Николовска | 3место |
| Меѓународен натпревар по англиски јазик Willkommen | Ф.Костова | Ана Саздова | 1место |
| Меѓународен натпревар по англиски јазик Willkommen | М.Костоска | Иво Мирчев | 1место |
| Меѓународен натпревар по англиски јазик Willkommen | М.Костоска | Ивана Андреевска | 3место |

## Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната2018/19година

Табела бр.7

| Год. Обра . | м | Ж | Σ | Постигнат успех Одли | | Мн.до. | | Добри | | Довол | | Σ | | | Со недоволен успех Со-1 | | Со-2 | | Со-3 | | Не оцен | Ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Σ | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| 1-год | 52 | 64 | 116 | 27 | 48 | 7 | 6 | 11 | 4 | | | 49 | 64 | 113 | | | 3 | | | | | 4,25 |
| 2-год | 72 | 71 | 143 | 45 | 48 | 22 | 18 | 5 | 5 | | | 72 | 71 | 143 | | | | | | | | 4,18 |
| 3-год | 39 | 59 | 99 | 12 | 54 | 9 | 5 | 18 | | | | 39 | 59 | 98 | | | | | | | 1 | 4.43 |
| 4 год | 75 | 74 | 149 | 50 | 61 | 20 | 11 | 5 | 2 | | | 75 | 74 | 149 | | | | | | | | 4.58 |
| Σ | **238** | **268** | **507** | **134** | **211** | **58** | **40** | **39** | **11** | | | **235** | **268** | **503** | | | 3 | | | | **1** | **4,35** |
| **Вкупно** | | | | **345 = 68,0%** | | **98 = 19,3%** | | **50 = 9,8%** | | / | | **503 = 99,2%** | | | / | | 3 | | / | | 1 | |

## Преглед на општиот успех на учениците на крајот од учебната 2018/19година

Табела бр.7

| Год. Обра . | м | Ж | Σ | Постигнат успех Одли | | Мн.до. | | Добри | | Довол | | Σ | | | Со недоволен успех Со-1 | | Со-2 | | Со-3 | | Не оцен | Ср. успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | Σ | м | ж | м | ж | м | ж | | |
| 1-год | 52 | 64 | 116 | 27 | 48 | 7 | 6 | 14 | 4 | | | 52 | 64 | 116 | | | | | | | | 4,25 |
| 2-год | 72 | 71 | 143 | 45 | 48 | 22 | 18 | 5 | 5 | | | 72 | 71 | 143 | | | | | | | | 4,18 |
| 3-год | 40 | 59 | 99 | 12 | 54 | 9 | 5 | 19 | | | | 40 | 59 | 99 | | | | | | | | 4.43 |
| 4 год | 75 | 74 | 149 | 50 | 61 | 20 | 11 | 5 | 2 | | | 75 | 74 | 149 | | | | | | | | 4.58 |
| Σ | **238** | **268** | **507** | **134** | **211** | **58** | **40** | **39** | **11** | | | **239** | **268** | **507** | | | | | | | | **4,35** |
| **Вкупно** | | | | **345 = 68,0%** | | **98 = 19,3%** | | **50 = 9,8%** | | / | | **503 = 100%** | | | / | | / | | / | | | |

## Преглед на изостаноците на учениците

Табела бр – 8

| | | Изостаноци | | | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Степен и год. на образование | Опра | Неоп | Вкупно | Просек по ученик | М | Ж | Прими. | Доб. | Недо. | Вкупно |
| Струка | I. год со 4.год.образ | 3378 | 272 | 3650 | 31,5 | 39,3 | 25,0 | 109 | 4 | 3 | 116 |
| | II. год со 4.год.образ | 6403 | 301 | 6704 | 46,9 | 46,4 | 46,0 | 143 | | | 143 |
| | III. год со 4.год.образ | 4630 | 486 | 5116 | 51,7 | 48,3 | 39,0 | 87 | 6 | 6 | 99 |
| | IV- година | 6450 | 427 | 6877 | 46,1 | 45,5 | 43,9 | 145 | 2 | 2 | 149 |
| | **Вкупно 2018/19 г** | **20861 = 41,2** | **1486 = 2,9** | **22347** | 44,1 | **44,8** | **38,4** | **484** | **12** | **11** | **507** |
| | **Вкупно 2017/18 г** | **27905 = 50,4** | **2076 = 3,7** | **29981** | 54,1 | **65,9** | **48,9** | **516** | **19** | **18** | **553** |

**Оправданите изостанувања**сепорадиздравствени проблеми на учениците. **Неоправданите изостанувања** најчесто се направени поради задоцнување на часовите што укажува на појавата на несериозност и неодговорност на учениците кон своите обврски како ученици. Ставот на сите чинители на воспитно-образовниот процес е и понатаму да се залагаме воспитно да делуваме кај учениците, иако знаеме дека воспитниот процес е сложен и комплексен, кој бара знаење, време,трпение, разбирање и взаемно делување од сите фактори и субјекти во воспитувањето на младите луѓе.

## Учество во проекти

За да се овозможи развој и усовршување на работата на училиштето во текот на оваа учебна година се реализираа следните проекти:

- Во рамките на проектот ***„Мировно образование“,*** а во соработка со Првата детска амбасада „Меѓаши“, шеста година по ред се реализираше Парада на мирот. Оваа година 21 Септември – Светскиот ден на мирот го посветивме на превенција на врсничкото насилство во училиштата и се приклучивме на кампањата против меѓуврсничкото насилство/булингот насловена „Булинг – Не во моето училиште!“. Според изработениот акциски план од членовите на Тимот за мировно образование беа реализирани и следните активности: презентација на конвенцијата за правата на децата на класен час, реализирани работилници и дебати на теми: „Социјална правда“, „Семејно насилство, како да го препознаеме и истото да го спречиме“, „Врсничко насилство“, презентација на држави од ЕУ, учество во изведба на форум театар на тема „Меѓуврсничко насилство“, со ученици од СУГС „Никола Карев“ и СУГС „Шаип Јусуф„ од Скопје,

реализација на еко активности за одбележување на Денот на екологија во соработка со СОУ „Ванчо Прке“ во Виница. Во многубројните активности беа вклучени ученици од прва до четврта година со мешан етнички состав

- Во оваа учебна година продолжи со реализација проектот *“newWERD – нови начини за истражување и развој во образованието“* за кој како координатор, училиштето организираше состаноци и тренинг обуки за наставници. Во септември оваа година бевме домаќини на тренинг настан со тема „извори на обновлива енергија“ на кој присуствуваа вкупно 12 наставници од Италија, Португалија и Романија.
- Во склоп на **програмата Еразмус+** отпочнаа со реализација и нови проекти: проектот „Меѓународно училиште – професионални наставници – професионални наставници – европски ученици“ на кој 12 наставници учествуваа на меѓународни обуки на различни теми. Во програмата за размена на добри практики, како партнери учествувавме во три проекти во три различни области: проект „Дигитална паидеиа“, проект „findNano“ и проект „QR code“, во кои под менторство на наставници, учество земаа и 30 ученици кои беа вклучени во контекст-проблемско решавање и користење на нано-технологија во образованието и беа обучувани за користење на QRcode во наставата
- Во рамките на проектот ***Намалување на насилството во училиштата – како да се сменат нештата*** - проект организиран и одобрен од Министерството за образование и наука во соработка со UNICEF и Секторот за внатрешни работи беше реализирано предавање „Стоп за насилството во училиштата“
- Во рамките на Програмата за учење на англиски јазик **ACCESS,** финансирана од Амбасадата на САД во Скопје, а ја спроведува Македонскиот центар за граѓанско образование се реализираа планираните активности. Со програмата беа опфатени 25 ученици од мешан етнички состав од средните училишта во градот и со успех ја завршија програмата.
- Проектот „***Магична интеркултурална мрежа на пријателство***“ (A Magical Internacional Friendship Network), во нашето училиште започна да се изведува на 24 октомври 2018 година, во којшто учествуваа вкупно 30 ученика од прва година под менторство на Елизабета Николовска. Проектот имаше за цел – интеркултурално да ги поврзе децата, припадници на различни народи, по пат на заедничко учење за другите народи, нивните земји и култури. Во текот на учебната година, учениците под менторство на наставникот работеа на различни теми.
- Во рамките на проектот „**Патепис**“ на тема „јаиствражуваме и запознаваме Македонија“ во организација на НВО „Фармина“ учествуваа наставниците Љубица Темелковска, Панче Ташковски, Магдалена Сарагинова, Крсте Шупев и учениците: Тамара Трајановска, Викторија Јорданова, Даниела Николовска и Александра Митева
- Во рамките на проектот „**Инклузивни партнерства во заедницата**“ беа организирани обуки на различни теми: „Партиципативно лидерство и донесување одлуки“, „Застапување и лобирање“, „Социјална правда и почитување на разликите“, на кој учество земаа 45 ученици под менторство на дефектолог Ленче Перчинковска
- Во рамките на проектот **„ETHICS EDUCATION - ARIGATOU INTERNATIONAL - ALL FOR CHILDREN“** и Првата детска амбасада „Меѓаши“ беше одржана работилница на тема „Учиме да живееме заедно – LEARNING TO LIVE TOGETHER“, на која учествуваа наставниците Мимоза Костоска и Филимена Костова
- Проектот „**Читај и меѓу редови**“организиран од Високата школа за новинарство во нашето училиште се реализира во неколку етапи и работилници, а учество земаа 47 ученици од прва до четврта година под менторство на наставник Магдалена Сарагинова
- Во склоп на проектот ***„Меѓуетничка интеграција во образованието„***се настојува да се постигне подобрување на меѓуетничката комуникација и надминување на етничките, културолошките и јазичните препреки меѓу младите. За таа цел беа остварени заеднички часови по одделни предмети во склоп на редовната настава, но и вон наставата се

реализираа работилници со групи на ученици од мешан етнички состав. По добиениот ***грант*** од МОН за реализација на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција, во рамките на училиштето беа реализирани активности со ученици од мешан етнички состав и со застапеност на македонскиот и албанскиот јазик: работилница за ученици и родители за спречување на врсничко насилство на тема:„Булинг? Не во моето училиште“; „училница-работилница“ од областа на природните науки, работилница „математички и информатички димензии на природата“. презентација на животот, делото и значењето на Коста Солев Рацин и одржани натпревари во футсал, пинг-понг и шах

- Реализација на меѓународниот проект **„Innovate your dreams 2019“** – Светот во 2030г, во кој беа вклучени ученици од прва, втора и трета година, под менторство на наставниците: Д.Тевчева, А.Додов и Е.Николовска

## *Јавна и културна дејност на училиштето*

Преку ова подрачје, училиштето настојува на потесната и поширокaта јавност да ги презентира своите активности и да се афирмира како воспитно-образовен и културен фактор во средината каде живее и работи.

Во реализација на ова подрачје остварени се следните содржини:

- изведена е пригодна уметничка програма за одбележување на 11 Октомври – ден на народното востание на Р.Македонија на Спомен костурницата. Под менторство на Соња Карбева и Весна Павлова настапија учениците Сара Андреева, Ева Стојанова, Симона Мицева, Викторија Ванчевска, Сања Јанкова, Теона Петрова
- Со пригоден поетско-музички колаж,посветен на книгата и читањето, беше одбележан месецот на книгата под менторство на Весна Павлова, Соња Карбева и Атанас Зафиров и учество на 19 ученици од прва до четврта година
- Во рамките на спортската проектна активност по планинарење наставниците Петре Петрушевски, Зоран Јованов, Славчо Давитковски и Илија Попов реализираа планинарски тури Велес – Папрадиште – Чеплес и обратно
- Во рамките на одбележувањето на државните празници 11Октомври и 23 Октомври, беа прочитани реферати со пригодна содржина на класните часови во изработка на наставниците Валентина Р.Арсовска и Сашко Николовски
- На 22 октомври 2018 година, во просториите на училишната библиотека се одржаа врсничка едукација за учениците од прва година на тема : „Инклузија наспроти интеграција во воспитно-образовниот процес“ во организација на дефектолог Л.Перчинкова и врсничките едукатори: Лора Ангеловска, Меги Стевковска, Марија Ќимова, Николина Грујова, Флора Реџепи
- Реализирана е шестдневна екскурзија за учениците од четврта година во организација на класните раководители: В.Павлова, П.Петрушевски, С.Трајчева, Ц.Карамаркова, М.Лазаровска
- Организирана посета на 7Д кино проекција со ученици од втора година организирана од наставник Христина Леова
- Литературна средба со која младите поети на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ го одбележаа Св.Климент во организација на С.Карбева и В.Павлова

- Изведба на театарската претстава „Ревизор“од Николај Василевич Гогољ, за учениците од основните и средните училишта со хуманитарен карактер, под менторство на Александра Стојановска, Весна Павлова, Атанас Зафиров и Крсте Шупев
- Традиционална Божиќна програма на англиски јазик во организација на наставник Мимоза Костоска
- На манифестацијата Избор за најдобар спортист за 2018 година во организацијана Сојузот на спортови на Општина Велес,нашето училиште е прогласено за најдобро средно училиште во областа на спортот во ОпштинаВелес за 2018 година.
- На манифестацијата Избор за најдобар спортист за 2018 година во организацијана Сојузот на спортови на Општина Велес, Илија Попов професор по спорт испортски активности при СОУ “Гимназија Кочо Рацин” беше прогласен занајуспешен спортски педагог во Општина Велес за 2018 година
- Реализиран Поетско-музички колаж во чест на љубовта„ Каде што има љубов има и живот “ на кој учествоземаа ученици од прва до четврта година во координација со наставниците: В.Павлова, С.Карбева и А.Зафиров
- На покана од Општинската организација на Сојузот на борци од Велес,одбележан јубилејот 75 години од Февруарскиот поход, на кој учество земаа ученици под менторство на наставниците С.Карбева и В.Павлова
- Во соработка со Македонската Опера и Балет во Скопје, во организација на наставникот А.Зафиров, учениците од Гимназијата ја проследија операта “Турандот”од Џакомо Пучини
- одбележување на 77 годишнината од штрајкот на велешките гимназијалци со пригодна програма во организација на С.Карбева, В.Павлова, Ц.Карамаркова и А.Зафиров
- Во организација на наставник В.Павлова, во Гимназијата беше одбележан Светскиот ден на театарот.Гостин беше Васил Зафирчев, актер во велешкиот театар „ЈХ.К.Џинот“,некогашен ученик на Гимназијата
- по повод 1 Април – Денот на доброволното младинско ангажирање, реализирана ЕКОЛОШКА АКЦИЈА – СПОЈ НА ИСКУСТВО И МЛАДОСТ организирана од Здружението наградени „Акцијаши – ветерани“, во чии рамки активно делува Првата доброволнаработна бригада „Кочо Рацин“, основана од поранешните бригадири и учесници намладински работни акции, во која во координација на наставниците С.Печкова и Ј.Темов учествуваа 20 ученици од прва и втора година
- Еко одборот при СОУ„Гимназија КочоРацин“ во месец Март спроведе низа активности: чистење на училници, собирна акција на отпадна хартија и пластика, разубавување на училниците со садење на цвекиња како и садење на саднициво ЕКО училницата.Учениците инспирирани од екологијата твореа на распишан литературен и ликовен конкурс на тема „Чиста околина- здрав живот“
- Изведена е театарска претстава „Плодна година“ во режија на ученикот Петар Андреев а улогите ги одиграа учениците: Кире Ацевски, Бојана Василковска, Талија Ѓорѓиева, Михаил Павлов и ПетарМиновски, а во техничка поддршка беа учениците Кејти Андоновска, Александра Митевска,Дино Јанакиев,Зоран Нацев, во координација на наставниците по македонски јазик
- На Свечената академија организирана од Општина Велес по повод 24 Мај – Денот на сесловенските просветители св.Кирил и Методиј, на учениците Марко Ингилизов и Викторија Панова им беше доделено признанието најталентирани ученици од средните училишта
- Учество во одбележување на 75 години од смртта на Рацин на Лопушник
- одржана забава во иницијатива на Училишната заедница на училиштето
- Отворен ден на училиштето - презентација на проектните активности и работата на училиштето пред деветтоодделенците во градот и пошироко

- Свечено врачување на дипломите на матурантите

***активности за одбележување на Патронатот на училиштето*:**

